- доколку предвремената отплата е извршена врз основа на договор за осигурување склучен како гаранција за плаќање на кредитот;
- во случај на дозволено пречекорување или
- доколку предвремената отплата се случи во време кога каматната стапка не е фиксна.

**Каде да се обратиме за заштита на нашите права при склучување договори за потрошувачки кредити и на кој начин?**

Во случај кога кредиторот не ги почитува нашите права кои ни ги гарантира Законот односно не ни дозволува да го откажеме договорот, не ни ги дава сите потребни информации, при предвремена отплата ни наплати провизија во поголем процент од законскиот максимум и слично, во таа ситуација во зависност од тоа дали кредитор е банка, финансиско друштво или друго трговско друштво, имаме право да побараме заштита со писмено обраќање пред следните надлежни институции и тоа:

- Доколку кредитор е банка, треба да се обратиме во Народна банка на РМ
- Доколку кредитор е финансиско друштво, треба да се обратиме во Министерство за финансии
- Доколку кредитор е друго трговско друштво, треба да се обратиме во Државниот пазарен инспекторат.

Но, пред да се обратиме во надлежните институции, може да се советуваме за нашите права во советодавното биро на Организацијата на потрошувачите на Македонија на телефонскиот број 02/3179/592, на електронска пошта **sovetuvanja@opm.org.mk** или во просториите на бирото на ул. 50 Дивизија број 10 а.

**Што регулираат новите предлог измени на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити од 2018г**

Со новите предлог измени на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити од 2018 година, се опфаќаат кредитите со износ до 200 евра, кои до сега беа исклучени од Законот. На тој начин ако се одлучиме да користиме ваков вид на кредит ќе имаме правна заштита. Исто така со постојното законско решение не беше определена максималната висина на годишната стапка на вкупни трошоци на потрошувачките кредити, при што истата понекогаш надминуваше и 200 % од вкупниот износ на кредитот. Со новите законски предлог измени максималната висина на годишната стапка на вкупни трошоци може да биде најмногу пет пати повисока од стапката на законска казнената камата во договорите во кои барем едното лице не е трговец (во моментов максималната СВТ би изнесувала 55%).

**Неколку препораки за потрошувачите!**

- Да ја процениме нашата финансиска цел за која сакаме да се задолжиме, дали е потреба или само желба;
- Добро да го процениме нашиот семеен, односно личен капацитет за штедење и да не се задолжуваме надвор од него;
- Никогаш да не се задолжуваме кај неовластени даватели на какви било видови кредити;
- Да ги побараме во писмена форма информациите за можностите за задолжување кои се нудат од различни кредитори и дома внимателно да ги прочитаме и анализаме. По потреба, да побараме дополнителна информација;
- Внимателно прочитајте го договорот пред да го потпишете и барајте ги сите преддоговорни информации.

За повеќе совети за Вашите права како потрошувач, можете да се обратите до Организација на потрошувачите на Македонија ОПМ - Скопје, тел. 02/3 179 592 или преку веб страната:
www.opm.org.mk
e-mail: sovetuvanja@opm.org.mk

**СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ СО СВОЈАТА ПРОГРАМА ЈА ПОДРЖУВА ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Град Скопје

СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**Бул. Илинден бр. 82 - Скопје**

ОПМ

Град Скопје

СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

# КОИ СЕ НАШИТЕ **ПРАВА** КАКО **ПОТРОШУВАЧИ** КОГА СКЛУЧУВАМЕ **ДОГОВОРИ** ЗА ПОТРОШУВАЧКИ **КРЕДИТИ?**

Преку електронските и пишуваните медиуми постојано се објавуваат реклами и информации за купување производи или користење услуги на кредит и како да дојдеме до посакуваните нешта на брз и лесен начин. Поттикнати од рекламните пораки, но и од нашите желби, а некогаш и потреби, почнуваме да размислуваме за нов автомобил, поголем стан, нови електрични апарати или убав одмор и одеднаш се одлучуваме да земеме потрошувачки кредит. Во меѓувреме не сме ги провериле сите услови под кои се нудат потрошувачките кредити, не сме имале време да направиме анализа за тоа која од понудите најмногу ни одговара, колку ќе ни биде отплатната рата, како и процена за тоа колку кредитот ќе го оптовари нашиот семеен и личен буџет.

**Што е „договор за потрошувачки кредит“?**

Тоа е договор или согласност на волјите, со кој кредиторот ни одобрува кредит во форма на заем, одложено плаќање на производи и услуги и друга слична финансиска услуга.

**За што ни служи потрошувачкиот кредит?**

Потрошувачкиот кредит може да ни послужи за финансирање на тековни потреби, туристички патувања како и за купување трајни потрошни добра на пример: автомобил, ладилник, шпорет, телевизор, смартфон, правосмукалка или други добра.

**Дали кредиторот е обврзан да ја процени нашата кредитна способност?**

- Пред склучување на договорот за потрошувачки кредит кредиторот мора да ја процени нашата кредитната способност врз основа на информации добиени од наша страна и релевантни бази на податоци;
- Понатаму, кредиторот има обврска пред склучувањето на договорот за кредит да ни даде објаснување за сите релевантни околности поврзани со договорот за потрошувачки кредит ценејќи ги нашите потреби и финансиска состојба;
- Кредиторот ги има овие обврски и во случај на комуникација по телефон или на друго средство на гласовна комуникација.

**Кои пред-договорни информации е должен да ни ги даде кредиторот?**

Пред да склучиме договор за потрошувачки кредит, кредиторот треба да ни ги даде следните пред-договорни информации: видот на кредитот, име и презиме, односно назив и адреса на кредиторот, вкупниот износ на кредитот и условите за негово искористување, траење на договорот за кредит, каматна стапка, годишна стапка на вкупни трошоци и вкупниот износ што треба да го платиме  преку репрезентативен примерок во кој се наведени сите претпоставки за пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци, износ на поединечна рата и број на рати, постоење на нотарски трошоци што треба да ги платиме при склучување на договорот, каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања и трошоци за неисполнување на обврската, предупредување за последиците од неплаќањето на ратите, гаранции за кредитот, постоење на право на откажување од договорот, право на предвремено отплаќање на кредитот, право на бесплатно информирање за нашата кредитна способност, право да добиеме бесплатна копија од нацрт-договорот за потрошувачки кредит, како и рок во кој кредиторот е обврзан со пред-договорните информации.

**Кои се нашите обврски при склучување на договори за потрошувачки кредит?**

При склучување на договори за потрошувачки кредити ние сме должни да плаќаме надоместоци кон кредиторот (ануитети или рати, камати), како и и други трошоци или групи на трошоци во зависност од договорот за потрошувачки кредит и кредиторот.

**Што треба да содржи договорот за потрошувачки кредит?**

Договорот за потрошувачки кредит кој го склучуваме со кредиторот, треба да ги содржи следните информации:
1) видот на кредитот; 2) наше име и презиме односно назив и седиште на кредиторот; 3) траење на договорот; 4) вкупен износ на кредитот и услови за негово искористување;
5) вредност на одредена стока или услуга доколку кредитот се користи за нивно плаќање; 6) висина на каматна стапка;
7) годишна стапка на вкупни трошоци и вкупниот износ што треба да го платиме ; 8) износ на поединечна рата, број на рати и нивно доспевање; 9) информации за правото на извештај за сметката во форма на амортизациски план;
10) период и услови за плаќање на каматата и трошоците, доколку се плаќаат без отплата на главницата;
11) информации за нашата обврска за склучување на договор за осигурување или друг дополнителен договор, доколку тоа е услов за добивање на кредитот; 12) казнена камата во време на склучување на договорот за потрошувачки кредит; 13) предупредување за последиците од неплаќање на ратите; 14) информации за правото на откажување на договорот за потрошувачки кредит;
15) информации за правото на предвремено плаќање на кредитот и други информации.

**Дали може да се откажеме од договорот за потрошувачки кредит?**

Ние како потрошувачи имаме право да се откажеме од договорот за потрошувачки кредит во рок од 14 дена без да наведеме причина за откажувањето, а рокот за откажувањето започнува да тече од:

- денот на склучување на договорот или;
- од денот кога потрошувачот ги добил условите и информациите од договорот доколку тој ден е подоцна од денот на склучување на договорот.

**Дали може предвреме да го платиме кредитот?**

Во било кое време може да го платиме, целосно или делумно, недостасаниот дел од кредитот без дополнителни трошоци, согласно со договорот за кредит. Во тој случај имаме право на намалување на вкупните трошоци на кредитот, кое се состои од каматата и другите трошоци за преостанатиот период на траење на договорот за кредит. Меѓутоа кредиторот има право на наплата на надоместок во форма на провизија поради предвремената отплата. Таквиот надоместок не смее да надмине 1% од износот на предвреме отплатениот кредит, доколку периодот меѓу предвремената отплата и рокотна траење на договорот за кредит се случи во период подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит, односно не повеќе од 0.5%, доколкупредвремената отплата се случи во период не подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит. Но по исклучок кредиторот нема право на наплата на надоместок доколку: